# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Четврток, 24 март 1960
Скопје
Број 9 Год. XVI

Претплатата за 1960 год. изнесува 1.500 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

**82.**

На основа член 3 од Уредбата за основање Републичка комисија за преглед на филмови („Службен весник на НРМ" бр. 25/59 г.), а во врска со член 68 став 2 од Основниот закон за филмот („Службен лист на ФНРЈ" број 17/56 г.), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ПРЕГЛЕД НА ФИЛМОВИ

I. Се именува Комисија за преглед на филмови во следниот состав:

1. За претседател: Шопов Ацо, писател.
   За членови:
2. Бојаџиев Драган, музичар
3. Георгиев Иван, академиски сликар
4. Дракуловски Томе, член на Претседателството на ЦК на НММ
5. Костовски Радуле, новинар
6. Копровски Љупчо, професор
7. Малинска Веселинка, директор на Радио-Скопје
8. Матевски Матеја, писател
9. Момировски Томе, новинар
10. Поповски Душко, секретар на идеолошката комисија на ЦК СКМ
11. Попов Трајче, филмски работник.

II. Претседателот и членовите на Комисијата се именуваат на две години.

III. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

Број 09-2080/1
10 декември 1959 година
Скопје

**Извршен совет**

Секретар, **Трајче Грујоски,** с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов,** с. р.

---

**83.**

На основа член 14 од Законот за јавното правобранителство („Службен лист на ФНРЈ" бр. 51/55), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖОСТ НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА НРМ

1. Се разрешува од должност Јавен правобранител на НР Македонија Панта Илиев, поради заминување на нова должност.

2. За Јавен правобранител на НР Македонија се назначува Трајко Ников, народен пратеник.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

Бр. 09-547/1
25 февруари 1960 година
Скопје

**Извршен совет**

Секретар, **Трајче Грујоски,** с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов,** с. р.

---

**84.**

На основа член 3 став 2 од Уредбата за основање Управа за пасишта („Службен весник на НРМ" бр. 2/60), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НАЧАЛНИК НА УПРАВАТА ЗА ПАСИШТА

1. За началник на Управата за пасишта се назначува инж. Христифор Вангелов Саракинов, досегашен началник во Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

Бр. 09-515/1
25 февруари 1960 година
Скопје

**Извршен совет**

Секретар, **Трајче Грујоски,** с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов,** с. р.

## ИСПРАВКА

**на IV-от конкурс за давање на заеми од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд во 1960 год. за преведување на ерозивни терени во продуктивни површини објавен во „Службен весник на НРМ" бр. 5 од 20-II-1960 година**

Првиот став од точка VII од конкурсот се менува и треба да гласи:

„Најниската годишна интересна норма, која треба да се понуди при пријавувањето на барањето е 2%, а рокот за отплата на заемот не може да биде подолг од 15 години за долгогодишни насади и подолг од 5 години за затревување".

**Од Југословенската земјоделска банка филијала — Скопје**

# Огласен дел

## ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-2113/1 од 11 февруари 1960 година, ја одобри промената на роденото име на Панова Милица, родена на 25 мај 1951 година во гр. Кавадарци, Титоввелешка околија, од татко Панов Богдан и мајка Горица, така што во иднина роденото и ќе и' гласи **Султанка.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (44)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-18821/1 од 3 ноември 1959 година, ја одобри промената на личното име на Хајрулах Зулфи, роден на ден 5 јануари 1937 година во с. Камењане, Тетовска околија, од родители: татко Хајрулах Мифтар и мајка Шефике, така што во иднина личното име ќе му гласи **Зибери Зулфичар.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (45)

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 12-18643/1 од 12 јануари 1960 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Анѓелевски Трајан, роден на 14 јули 1928 година во с. Кленоец, Охридска околија, од татко Анѓелевски Антим и мајка Славјанка, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Најдески.**

Оваа промена важи од денот на објавувањет во „Службен весник на НРМ". (47

## СУДСКИ ОГЛАС

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Марија Костовска, од Скопје, подаде тужба за развод на бракот против тужениот Крсте Костовски, сега во неизвесност.

Се повикува тужениот Крсте Михајлов Костовски, сега во неизвесност, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ" да ја соопшти на судот својата точна адреса или да се јави лично. Во противен случај ќе му биде одреден старател кој ќе го застапува пред судот на негови разноски.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 153/60. (46)

# КОНКУРСИ

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА ВОЕНАТА ПОШТА 1349 ВО БИТОЛА**

**распишува**

**КОНКУРС**

**за пополнување на упразнетите места со јавни службеници во Битола:**

1. еден фармацеут
2. еден правник
3. еден економист

Услови за прием: Потребна стручна спрема. Основна плата по Законот за јавните службеници, а положајна и армиски додаток спрема посебните прописи за ЈНА.

Молбите (таксирани со 50 динари државна такса), биографија (општа и стручна) и свидетелство за школска спрема да се достават на Воената пошта 1349 во Битола. Останатите документи предвидени по чл. 31 од Законот за јавните службеници ќе се поднесуваат по соопштувањето за прием на служба

Конкурсот е отворен до пополнување на упразнетите места. (324)

**ВИШАТА ТЕХНИЧКА ШКОЛА ЗА ПОГОНСКИ ИНЖЕНЕРИ ВО ЗАГРЕБ**

Савска цеста бр. 25, тел. 35-945

**распишува**

**6-ти конкурс за запишување студенти во I зимски семестар на школ. год. 1960/61.**

Условите на конкурсот, како и пријавите за пријавување на приемниот испит со програмата за полагање можат да се добијат по цена од 60 динари во Секретријатот (горна адреса). Пријавите на кандидатите се примаат до 1 мај 1960 год. Важи датумот на поштенскиот жиг. За поштарина да се приложи марка од 20 динари. (325)

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА ВОЕНАТА ПОШТА 5573-16 — СКОПЈЕ**

**распишува**

**КОНКУРС**

**за пополнување на упразнетите места со јавни службеници во Скопје:**

— правници со завршен правен факултет
— економисти со завршен економски факултет

— фармацеут со завршен фармацеутски факултет

Услови за прием: Основна плата по Законот за јавните службеници, а положајна плата и армиски додаток спрема посебните прописи за ЈНА.

Молбите таксирани со 50 динари државни таксени марки, биографија (општа и стручна) и свидетелство за школска спрема да се доставаат на Воената пошта 5573-16 во Скопје. Останатите документи предвидени по член 31 од Законот за јавните службеници ќе се поднесат по соопштувањето за прием во служба.

Конкурсот останува отворен до пополнување на упразнетите места. (334)

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА КОСНОЗГЛОБНА ТБЦ ОХРИД**

**распишува**

**КОНКУРС**

За 3 (три) лекари со завршен тригодишен лекарски стаж или лекари со положен дипломски испит, како и регулисана воена обврска,

УСЛОВИ: Плата по Законот за јавните службеници, а положајна по Правилникот на Болницата.

Молбите се примаат до пополнување на местата. (335)

**ФАКУЛТЕТСКИОТ СОВЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**распишува**

**КОНКУРС**

**за факултетски соработници и тоа:**

за по еден асистент за следните предмети:

1. Биохемија
2. Поледелство за сточарски смер
3. Птицеводство
4. Анатомија и физиологија на домашните животни
5. Говедарство
6. Општо сточарство
7. Механизација во земјоделството
8. Тутун со технологија
9. Памук со индустриски култури
10. Лозарство
11. Преработка на овоштие и зеленчук
12. Пчеларство
13. Цвеќарство
14. Политичка економија со социологија
15. Организација на земјоделското производство
16. Калкулации во земјоделството
17. Шумска механизација
18. Шумска педологија
19. Шумска зоологија и ловно стопанство
20. Економика на шумско-стопанските организациони единици
21. Економика на шумското стопанство
22. Шумарска ботаника
23. Дендрологија
24. Геодезија и
25. Опште полоделство со агроекологија

За по два асистента за селдните предмети:

1. Пошумување и шумски мелиорации и
2. Технологија со преработка на дрвото

За по еден сталеи или хонорарен раководител на праксата за следните предмети:

1. Сточарство
2. Поледелство
3. Лозарство и
4. Овоштарство

Рок за пријавување 15 дена по објавувањето на конкурсот, а во колку местата не се пополнат до тој рок, конкурсот се продолжува до нивното пополнување, со тоа што крајниот рок на конкурсот е 31 октомври 1960 година.

Пријавите да се поднесат до Деканатот на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје.

Кон пријавата кандидатот треба да приложи диплома за завршен факултет и документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници. Кандидатите државни службеници поднесуваат извод од службеничкиот лист. Покрај пријавата треба да се достави кратка биографија со податоци за досегашната работа и службовањето на кандидатот, потврда од установата каде што е канидатот на служба дека нема материјални обврски спрема истата, список на научните и стручните трудови (до колку кандидатот ги има) и по еден примерок од трудовите. (337)

Врз основа на членот 21 од Законот за јавните службеници, Комисијата за службенички работи на Народниот одбор на општината Старо Нагоричане, распишува

**КОНКУРС**

**за пополнување на следните работни места:**

1. Секретар на Народниот одбор на општината.

УСЛОВИ: Виша стручна спрема и 5 години пратика на организационо-управни работи.

Молбите се примаат до 1-IV-1960 година.

За посебни информации кандидатите да се обратат писмено до Народниот одбор на општината с. Старо Нагоричане или на телефон бр. 7. (338)

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИОТ ЗАВОД НА НРМ**

**распишува**

**КОНКУРС**

**за попонлување на следните работни места:**

1. Шеф на општ отсек

2. Шеф на Отсек за катастар и хидролошка статистика

3. Стручен референт

УСЛОВИ: Под 1. завршен правен факултет со стручен испит; више или средно школско образование со певеќе години практика на Управно-правни работи со положен стручен испит.

Под 2. завршен градежен факултет.

Под 3. завршена виша педагошка школа (математичка или физичка група) или завршено средно хидрометеоролошко школо со положен испит. Приоритет имаат лица со прогностичко-аеролошка пракса.

Кандидатите покрај молбите треба да приложат: биографија, документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници и документи за работен стаж.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето односно до пополнување на рабтните места.

Настап на рабта веднаш.

---

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИЧКИТЕ МЕСТА ВО ОКОЛИСКИТО ЗАДРУЖЕН СОЈУЗ — СКОПЈЕ**

**распишува**

**КОНКУРС**

**за пополнување на следните работни места:**

1. Шеф на економско-аналитички отсек и референт за следење на економскиот развиток во задругите 1
2. Референт за книговодствено-сметководни прашања и инвестиции во зем. задруги 1
3. Правен референт 1

УСЛОВИ: За работните места под 1 и 2 завршен економски факултет со 3 години практика;

За работното место под 3 завршен правен факултет со 3 години парктика;

Основна плата по Законот за јавните службеници, а положајна по Одлуката за положајните плати на Управниот одбор на Околискиот задружен сојуз Скопје.

Настап на работа од 1-V-1960 година.

Молбите со куса биографија и потребните документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници се поднесуваат до конкурсната комисија за пополнување на службеничките места на Околискиот задружен сојуз — Скопје, во срок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот. (342)

---

**КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА ОКОЛИСКИОТ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ОХРИД**

**распишува**

**КОНКУРС**

**за пополнување на следните работни места:**

А) Во Околискиот завод за социјално осигурување — Охрид:

1. Референт по регресна служба.

УСЛОВИ: Завршен правен факултет или средно образование со 2 до 3 години практика.

Молбите со кратка биографија и потребните документи за засновување работен однос по чл. 31 од ЗЈС, заинтересираните да ги достават на адреса: Околиски завод за социјално осигурување во Охрид — Конкурсна комисија.

Плата по Законот за јавните службеници, а положајната по одлуката на Заводот.

Овој конкрус има важност 15 дена од денот на објавувањето. (343)

Врз основа на чл. 33 од ЗСЈ, Домот за народно здравје во Берово,

**распишува**

**КОНКУРС**

**за пополнување следните работни места:**

1. Заботехничар 1
2. Асистент 1

УСЛОВИ: Под 1) завршена средна медицинска школа за забари односно заботехничари;

Под 2 завршено непотполно средно образование со 1 година практика.

Основна плата по ЗЈС, положајна и специјален доадток по Правилникот на ДНЗ Берово.

Молбите се поднесуваат до Управата на ДНЗ.

Конкурсот е отворен до пополнувањето на местата. (339)

---

## РЕГИСТРАЦИИ НА УСТАНОВИТЕ СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ

Врз основа на решението на Народниот одбор на општината Дихово бр. 02-1829/1 од 10-VIII-1959 година е запишана во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 2, рег. бр. 4 установата под назив: **Огледно шумско стопанство во с. Кажани, Битолско.** Предмет на работењето на установата е: стопанисување со шуми, шумски земјишта, планинските и високопланинските земјишта врз база зголемување и најрационално користење на земјишните површини со вклучување на агросила во пасторалната мелиорација.

Установата е основана со решението на Народниот одбор на Битолска околија бр. 01-6971/2 од 25 јуни 1959 година.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Народниот одбор на општината Дихово.

Установата има колективен орган на управување од 9 члена.

Установата ќе ја застапува и потпишува инж. Александар Поповски.

Бр. 02-1829/1/59 од Народниот одбор на општината Дихово. (1596)

---

Врз основа на решението на Отсекот за општа управа на Народниот одбор на општината Косел бр. 02-2129/1 од 6-VII-1959 година е запишана во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 1, под рег. бр. 1 установата под назив: **Здравствена станица,** со седиште во село Косел — Охридска околија. Предмет на работењето на установата е: прегледи и лекување на болни лица.

Установата е основана со решението на НО на општината Косел бр. 1397/1 од 28-III-1959 година.

Со установата управува управителот Д-р Симеон Миновски.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Советот за народно здравје на Народниот одбор на општината Косел.

Бр. 02-2119/1/59 од Народниот одбор на општината Косел. (1597)

Врз основа на решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 15132/1 од 6-X-1959 година е запишана во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 68, рег. бр. 68 установата под назив: **Клиника за хирушки болести при Медицинскиот факултет — Скопје.** Предмет на работењето на установата е:

Да служи за обавување на наставата и научно испитувачката работа за потребите на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Скопје.

Да се бави со научно-истражувачка работа и работи на спречување и лекување на хирушки болести,

Да соработува со соодветни установи во земјата и странство и да ги следи нивните постигања и нивното применување,

Да се грижи за стручното оспособување на хирушкиот и здравствениот кадар.

Установата е основана со решението бр. 5516/1 од 22-IV-1957 година од страна на Управата на Медицинскиот факултет — Скопје.

Со установата управува управен одбор како колективен општествен орган.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Факултетската управа на Медицинскиот факултет — Скопје.

Установата ќе ја претставуваат и потпишуваат следните лица: проф. Д-р Богосав Драгојевиќ, управник на Клиниката за хирушки болести при Медицинскиот факултет во Скопје, и Борис Ст. Шурлежаноски, пом. управител на клиниката.

Бр. 15132/1-59 од Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје. (1807)

---

Врз основа на решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 14987/1 од 6-X-1959 година е запишан во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 66, рег. бр. 66 установата под назив: **Клиника за очни болести при Медицинскиот факултет — Скопје.** Предмет на работењето на установата е:

Да служи за обавување на наставата и научно-испитувачката работа за потребите на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Скопје,

Да се бави со научно-истражувачка работа и работи на спречување и лекување на заболувањата. Да соработува со соодветни установи во земјата и странство и да ги следи нивните постигнувања и се грижи за нивното применување,

Да се грижи за стручното оспособување на здравствениот кадар во Клиниката.

Во Клиниката се врши пракса на учениците од Средно медицинското училиште, учениците од школата за болничари, кои доаѓаат за стекнување на поголемо медицинско искуство.

Установата е основана со решението бр. 5516/15 од 22-IV-1957 година од страна на Управата на Медицинскиот факултет — Скопје.

Со установата управува управен одбор како колективен општествен орган.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Факултетската управа на Медицинскиот факултет — Скопје.

Установата ќе ја претставуваат и потпишуваат следните лица: Кецкаровски Аврам, управител на Клиниката за очни болести при Медицинскиот факултет — Скопје, и Коцевски Благоја, помошник управител на Клиниката.

Бр. 14987/1-59 од Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје. (1808)

---

Врз основа на решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 14948/1 од 6-X-1959 година е запишана во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 65, рег. бр. 65 установата под назив: **Клиника за устни, забни и вилични болести при Медицинскиот факултет — Скопје.** Предмет на работењето на установата е:

Да служи за обавување на наставата и научно-испитувачката работа за потребите на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Скопје,

Да се бави со научно-истражувачка работа и работи на спречување и лекување на усни, забни и вилични болести. Соработува со соодветни установи во земјата и странство, ги следи нивните постигнувања и се грижи за нивното применување.

Да се грижи за стручното оспособување на стоматолошкиот стручен кадар и здравствениот кадар во Клиниката,

Во клиниката се врши пракса на учениците од средно медицинското училиште, учениците од школата за болничари, кои доаѓаат за стекнување на поголемо искуство.

Установата е основана со решението бр. 5516/5 од 22-IV-1957 година од страна на Управата на Медицинскиот факултет — Скопје.

Со установата управува управен одбор како колективен орган.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Факултетската управа на Медицинскиот факултет — Скопје.

Установата ќе ја претставуваат и потпишуваат следните лица: доц. д-р Димитар Смилев, управител на Клиниката за устни, забни и вилични болести при Медицинскиот факултет во Скопје, Варадинов Методи, помошник на управникот на Клиниката, и Јовановски Стоја, шеф на сметководството.

Бр. 14948/1-59 од Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје. (1809)

---

Врз основа на решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 14877/1 од 6-X-1959 година е запишана во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 64, рег. бр. 64 установата под назив: **Клиника за детски болести при Медицинскиот факултет — Скопје.** Предмет на работењето на установата е:

**а) Настава:**

Ги воведува студентите во теоретските и практичните знаења и во методите на научната работа за подигнување на висококвалификувани стручњаци од областа на медицинската струка, изготвува научен и наставен подмладок, усовршува лекари од дипломски студии, како и лекари на специјализација;

Одржува практична и теоретска настава за средно медицинските и болничарските школи.

б) **Научна работа:**

Создава услови за научна работа на наставниците и факултетските соработници;

Одржува научно-стручна соработка со другите клиники и институти на Медицинскиот факултет и другите универзитетски установи во Скопје, во земјата и странство. Одржува научна и културна врска со останатите општествени установи и организации во земјата, како и меѓународна и стручна соработка со цел да ја унапреди науката;

Пренесува стручни и практични искуства на болнички и поликлинички установи во Републиката, непосредно или посредно преку лекарските друштва и научните секции на друштвата.

в) **Здравствени задачи:**

Укажува стручна медицинска помош во лекувањето на болните што боледуваат од педијатриски болести;

Работи на унапредувањето на народното здравје и подигањето на здравствената култура во народот.

Установата е основана со решението бр. 5516/7 од 22-IV-1957 година од страна на Управата на Медицинскиот факултет — Скопје.

Со установата управува управен одбор како колективен орган.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Факултетската управа на Медицинскиот факултет — Скопје.

Установата ќе ја претставуваат и потпишуваат следните лица: доц. д-р Христо Дума, в. д. управник на Клиниката за детски болести при Медицинскиот факултет — Скопје, Божидар Д. Николиќ, помошник на управникот на Клиниката и Николовски Г. Ѓорѓи, шеф на сметководството.

Бр. 14877/1-59 од Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје. (1810)

---

Врз основа на решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 15075/1 од 6-X-1959 година е запишана во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 67, рег. бр. 67 установата под назив: **Клиника за инфективни болести при Медицинскиот факултет — Скопје.** Предмет на работењето на установата е:

Да служи за обавување на наставата и научно-испитувачката работа за потребите на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Скопје,

Да се бави со научно-истражувачка работа и работи на спречување и лекување на заболувањата,

Да соработува со соодветни установи во земјата и странство и да ги следи нивните постигнувања и се грижи за нивното применување,

Се грижи за стручното оспособување на здравствениот кадар во Клиниката.

Во Клиниката се врши пракса на учениците од средно медицинското училиште, учениците од школата за болничари, кои доаѓаат за стекнување на поголемо медицинско искуство.

Установата е основана со решението бр. 5516/15 од 22-IV-1957 година од страна на Управата на Медицинскиот факултет — Скопје.

Со установата управува управен одбор како колективен орган.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Факултетската управа на Медицинскиот факултет — Скопје.

Установата ќе ја претставуваат и потпишуваат следните лица: Д-р Димитар Т. Арсов, управител на Клиниката за инфективни болести при Медицинскиот факултет, Рангелов Цветан, пом. управител на клиниката. Штериев Г. Иван, шеф на сметководството, и Самарџиева Лепа, сметководител.

Бр. 15075/1-59 од Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје. (1811)

---

Врз основа на решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 14896/1 од 2-X-1959 година е запишана во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 62, рег. бр. 62 установата под назив: **Техничка служба при Медицинскиот факултет во Скопје.** Предмет на работењето на установата е:

а) да ги снабдува со огрев сите установи на Медицинскиот факултет, т. е. да подржува парно отопление;

б) да ги одржува: електричните инсталации, водоводните инсталации, парното отопление и канализацијата на клиниките и во кругот на клиничките болници на Медицинскиот факултет;

в) да ги одржува сите објекти во кругот на клиничките болници на Медицинскиот факултет;

г) да го одржува возниот парк и ги врши сите транспортни услуги на клиниките од Медицинскиот факултет;

д) да ја одржува цвеќарата и паркот во чиста состојба и да се грижи за одржување и промени на зеленилото во кругот;

ѓ) во кујната да ја обезбедува диеталната исхрана за болните и се грижи таа да се приготвува навреме и вкусно;

е) во пералната да го пере (машински и рачно) болничкиот веш донесен од клиниките, да го суши и пегла и да се грижи тој навреме да се враќа на доносителите; и

ж) да врши и други услуги спрема техничките можности и стручниот кадар.

Установата е основана со решението бр. 3437 од 23-IX-1959 год. од страна на Факултетската управа на Медицинскиот факултет — Скопје.

Со установата управува управниот одбор како колективен орган.

Орган надлежен за работите и задачите на установата е Факултетската управа на Медицинскиот факултет — Скопје.

Установата ќе ја претставува и потпишува Коциќ Т. Драгомир, управител-старешина на Техничката служба при Медицинскиот факултет во Скопје

Бр. 14896/1-59 од Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје. (1812)

---

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 132, страна 675 е запишана задругата под назив: Станбено-штедна задруга „Бетон", со седиште во Скопје. Предмет на работењето на задругата е:

1. да изградува станбени простории за своите задругари на задружна основа;

2. изградбата да ја врши во сопствена режија;

3. да набави градежни парцели за изградба на станбени згради;

4. да врши набавка на градежен и друг материјал или да организира производство на таков материјал за изградба на згради, во случај кога изградбата се изведува во сопствена режија;

5. да осигури потребна работна сила за извршување работите од своите дејности кога се гради во сопствена режија;

6. да осигури потребни финансиски средства за изградба на станбени згради;

7. да се грижи за одржување на своите станбени згради — простории и да врши потребни поправки и адаптации на истите.

Задругата е основана согласно со одобрението на НО на општината „Идадија“ — Скопје бр. 12117 од 29-X-1959 година.

Членови на управниот одбор на задругата се: Вангел Сингеров, Јордан Арсовски, Перо Колевски, Свето Прокопиев, Димитар Мицковски, Љубомир Цветановски, Вељо Чадиковски, Младен Јовановски и Васил Димитровски.

Задругата ќе ја потпишуваат Вангел Сингеров, Петар Колевски и Љубомир Цветановски, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 895/59. (2049)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 90, страна 419 е запишана под фирма: Станбено-штедна задруга „Угостител“, со седиште во Скопје. Предмет на работењето на задругата е: изградба и одржување станбените згради на задругарите.

Задругата е основана согласно со одобрението на Народниот одбор на општината „Идадија“ — Скопје бр. 16506 од 7-II-1959 година.

Членови на управниот одбор на задругата се: Славе Исовски, претседател, Јани Бундовски, Борка Иванова, Кузман Стефановски и Петар Серафимов.

Задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Славе Исовски и Јане Бундовски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 306/59. (808)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 597 на страна 375 е запишана под фирма: Индустрија на чевли — Суботица — Продавница бр. 2 во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на чевли.

Продавницата е основана согласно со одобрението на Народниот одбор на општината Кале“ — Скопје бр. 18347 од 20-XI-1958 година.

Продавницата ќе ја потпишува раководителот Јусуф Селим.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 874/58. (717)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 596 на страна 369 е запишано под фирма: Трговско претпријатие за промет со огревни и градежни материјали „Јасен“ — Прилеп — Претставништво во Скопје. Предмет на работењето на претставништвото е: промет со огревни и градежни материјали.

Претставништвото е основано согласно со одобрението на Народниот одбор на општината „Кале“ — Скопје бр. 569 од 29-I-1959 година.

Претставништвото ќе го потпишува Митре Спасов Симеоновски, шеф на претставништвото.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 278/59. (718)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 174 на страна 467 е запишан под фирма: Хемиско-електрометалуршки комбинат „Југохром“ с. Јегуновце — Работничко-службенички ресторан во с. Јегуновце. Предмет на работењето на ресторанот е: укажување угостителски услуги на членовите од својот колектив, како и на оние службеници односно работници кои последно доаѓаат во фабриката.

Ресторанот е основан од Хемиско-електрометалуршкиот комбинат „Југохром“, с. Јегуновце, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Теарце бр. 1547 од 22-VII-1959 година.

Ресторанот ќе го потпишуваат во границите на овластувањето Јанчевски Душко, раководител, и Киревски Ристе.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 156/59. (726)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 232 на страна 783 е запишан под фирма: Угостителски дуќан со паушална претсметка „Добра услуга“, со седиште во Крива Паланка. Предмет на работењето на дуќанот е: угостителство.

Дуќанот е основан со решението на Народниот одбор на општината Крива Паланка бр. 04-769/1 од 23-I-1959 година.

Дуќанот ќе го потпишува во границите на овластувањето раководителот Стојан Ангелов Стојанов.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 255/59. (797)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 231, на страна 777 е запишан под фирма: Угостителски дуќан со паушална претсметка „Јадран“, со седиште во Крива Паланка. Предмет на работењето на дуќанот е: угостителство.

Дуќанот е основан со решението на Народниот одбор на општината Крива Паланка бр. 04—768/1 од 23-I-1959 година.

Дуќанот ќе го потпишува во границите на овластувањето раководителот Веселин Ангелов Цветковски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 256/59. (798)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 227 на страна 753 е запишано под фир-

ма: Дистрибутивно претпријатие „Светлина“, со седиште во Крива Паланка. Предмет на работењето на претпријатието е: дистрибуција, купување и продавање на електрична енергија.

Претпријатието е основано со решението на Народниот одбор на општината Крива Паланка бр. 03-5058 од 29-XII-1958 година.

Претпријатието ќе го потпишува во границите на овластувањето директорот Стојановски Иванов Апостол.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 185/59. (800)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 233 на страна 789 е запишано под фирма: Трговско претпријатие „Подвис“, со седиште во с. Орашец — Кумановска околија. Предмет на работењето на претпријатието е: промет со сите видови индустриски стоки.

Претпријатието е основано со решението на Народниот одбор на општината Орашец бр. 04-554/1 од 14-II-1959 година.

Претпријатието ќе го потпишуваат во границите на овластувањето Јановиќ Трајко Ѓуро, директор, и Благоја Макрешански, книговодител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 272/59. (802)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 230 на страна 771 е запишано под фирма: Претпријатие за проектирање „Проект“, со седиште во Куманово. Предмет на работењето на претпријатието е: проектирање на сите видови проекти од ниска и висока градба, урбанизам и изработка на програми.

Претпријатието е основано со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 1937 од 30-I-1959 гдина.

Претпријатието ќе го потпишува директорот Ѓорѓи Ефремовски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 162/59. (803)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 228 на страна 759 е запишана под фирма: Занаетчиска столарска задруга „Напредок“, со седиште во Куманово. Предмет на работењето на задругата е: производство и продажба на столарски производи и вршење на услуги.

Задругата е основана согласно со одобрението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 05-181 од 26-I-1959 година.

Задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето в. д. раководителот Јордан Димитриевски и Стојковски Салтир, заменик раководител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 125/59. (804)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 603, на страна 427 е запишана под фирма: Фабрика за шивачки машини и прецизна електромеханика „Владо Багат“ — Задар — Продавница во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на шивачки машини, сервисни услуги на машините и курс за поучување за шиење и кроење.

Продавницата е основана согласно со одобрението на Народниот одбор на општината „Кисела Вода“ — Скопје бр. 04-13772 од 8-XII-1958 година.

Продавницата ќе ја потпишува во границите на овластувањето раководителот Црвенов Кирил.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 294/59. (807)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 145 на страна 761 е запишана под фирма: Станбено-штедна задруга „Поројпроект“, со седиште во Скопје. Предмет на работењето на задругата е:

1. да изработува програма за задружна изградба на станбени згради, претсметки за потреба на градежен материјал, за работници и финансиски средства;

2. да организира производство на градежен и друг материјал потребен за изградба на станови за која цел може да оснива свои одделни работилници — погони;

3. во своја режија, а преку најпогодни и економични форми во организација и работа, сама да ја организира изградбата на станбените згради за своја сметка, или за сметка на задругарите;

4. да набавува земјишни парцели за изградба на станови;

5. да основе проектанско конструкционо биро за свои потреби;

6. да се грижи за одржувањето за своите станбени и деловни згради и врз нив да врши потребни поправки и адаптации;

7. да осигура потребни финансиски средства за работата на задругата;

8. да собира парично штедење и други материјални средства со цел да се создадат средства за изградба на станови; и

9. да врши секаква дејност, што ќе овозможи побрзо, поекономично и поефтино градење на станови на задругарите.

Задругата е основана согласно со одобрението на Народниот одбор на општината „Идадија“ — Скопје бр. 18964 од 12-XII-1959 година.

Членови на управниот одбор на задругата се: Врангаловски Лазо, Милошевски Ристо, Милиќ Бранислав, инж. Љубомир Илиќ и инж. Александар Батев, претседател.

Задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Милошевски Ристо, Врангаловски Лазо и инж. Љубомир Илиќ.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 989/59. (122/60)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11-IV-1959 година под рег. бр. 6 е запишан под фирма: Самостоен занаетчиски берберски дуќан „Пелистер“, со седиште во Битола. Предмет на работењето на дуќанот е: берберски услуги.

Дуќанот е основан со решението на Народниот одбор на општината Битола бр. 04-14490 од 29-XII-1958 година.

Дуќанот ќе го потпишува раководителот Ристо Ј. Филиповски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 217/59. (830)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-IV-1959 година под рег. бр. 42 е запишана под фирма: Претпријатие за снабдување „Исхрана" — Прилеп, Продавница бр. 11, со седиште во Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на овошје и зеленчук на мало.

Продавницата е основана со припојувањето на Трговското претпријатие „Вишња" од Прилеп кон Претпријатието „Исхрана" — Прилеп, а по одобрението на НО на општината Прилеп бр. 01-1746/1 од 27-II-1959 година.

Раководител на продавницата е Минда Фицироски.

претпријатието во чиј состав се наоѓа продавни-претпријатието во чии состав се наоѓа продавницата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 201/59. (833)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-IV-1959 година под рег. бр. 42 е запишана под фирма: Претпријатие за снабдување „Исхрана" — Прилеп — Продавница бр. 12, со седиште во Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на овошје и зеленчук на мало.

Продавницата е основана со припојувањето на Трговскиот дуќан „Калинка" од Прилеп кон Претпријатието „Исхрана" — Прилеп, а по одобрението на НО на општината Прилеп бр. 01-1746/1 од 27-II-1959 година.

Раководител на продавницата е Спиро Симоновски,

Продавницата ќе ја потпишува директорот на Претпријатието „Исхрана" — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 200/59. (834)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-IV-1959 година под рег. бр. 42 е запишана под фирма: Претпријатие за снабдување „Исхрана" — Прилеп — Продавница бр. 13, со седиште во Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на овошје и зеленчук на мало.

Продавницата е основана со припојувањето на Трговскиот дуќан „Јагода" — Прилеп кон Претпријатието „Исхрана" — Прилеп, а по одобрението на НО на општината Прилеп бр. 01-1746/1 од 27-II-1959 година.

Раководител на продавницата е Гога Симоновски

Продавницата ќе ја потпишува директорот на Претпријатието „Исхрана" — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 202/59. (835)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 604 на страна 433 е запишано под фирма: Преносно електрично претпријатие „Електројуг", со седиште во Скопје. Предмет на работењето на претпријатието е: пренос и трансформација на електрична енергија.

Претпријатието е основано од Извршниот совет на НРМ со решението бр. 268 од 31-XII-1958 година.

Претпријатието ќе го потпишува инж. Илија Јовановски, директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 330/59. (970)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 358 на страна 1183 е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Ловец", со седиште во с. Богомила — Титовvelешко. Предмет на работењето на претпријатието е: угостителски услуги.

Претпријатието е основано со решението на Народниот одбор на општината Богомила бр. 230 од 22-I-1959 година.

